Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] **- Скопје,** за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на гранки на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 3 (три) дрва (2 јавори и чемпрес), чии гранки од крошната на дрвата навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот на **ул. „Пајак " бр. 1 – Скопје.**

2. Кастрењето на дрвата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.

3. Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] **- Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/765** од **16.10.2024** година, за кастрење на гранките од крошната на дрвата што навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот, што се наоѓаат на **ул. „ Пајак" бр. 1 – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвата имаат надвиснати гранки од крошните на дрвата во дворот на барателот.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/765/2**
**04.11.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

___________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

___________________

Пом. Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

___________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**

___________________